| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Обработка на песна „Добро дошле деца мили''** | **Пее одреден број песни за деца и народни песни во опсег ре-ла со правилен пејачки став и правилно дишење.** | | **Воведни активности**<br>Учениците се поставени во круг (заземање правилен пејачки став)<br>Поттикнувам дискусија како треба правилно да се стои при пеење.<br>Ги насочувам и запознавам со техника на дишење - рамномерно дишење, без подигање на рамeници, вдишување преку нос, а издишување преку уста. Им ја демонстрирам техниката, а учениците повторуваат, со цел да се подготви гласот за уметничко доживување, пеење на песната.<br>Правилно пејачко дишење, распејување. Се води разговор за содржината на песната според сликите кои ги истакнувам<br>Се обработува првиот изразен елемент – **текстот**<br>Јасна дикција, правилен акцент, динамичко – рецитаторско нијансирање со примена на глума, мимики, гестови, култивиран тон.<br>Непознатите зборови се објаснуваат, се прераскажува содржината на строфата, потоа на целата, хорски се рецитира со ритмичко изговарање на текстот со разновидни плескања.<br><br>**Главна активност**<br>**доживувавање на песната** преку уметнички запис<br>**Усвојување на песната се одвива низ следните етапи**<br>***слушање, восприемање, доживување и изразување*** – потврдување на музичката фраза или музиката реченица (еден или два стиха)<br>По слушањето на фразата се повторува се додека не се запомни. Откако ќе се обработи првата фраза се преминува на втората.....потоа двете фрази се склопуваат. | • уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-плеер, хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, звучници, LCD-проектор, паметна табла);<br><br>• клавир/пијанино/ електрично пијано или некој друг музички инструмент;<br><br>• аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина. | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br><br>практичната изведба во група. |



| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Повторувањето на музичките фрази учениците го пеат како ехо имитирајќи го изразното пеење на наставникот.<br><br>**Завршна активност**<br>Утврдувањето на песната се врши фронтално, по групи и индивидуално, дуа, триа итн<br>....утврдувањето на изразните елементи на песната се врши откако учениците ќе научат да ја пеат ритмички и мелодиски песната<br>Учениците при утврдување на песната се придружуваат со раце и нозе, тивко за да може да се слуша мелодијата на песната.<br>...........Илустрирање, драматизирање на песната........<br><br>**Рефлексија**<br>Учениците ја совладаа техниката за правилно дишење при пеење, а исто така завземаат и правилен пејачки став.<br>пеење на песната и примена на правилен пејачки став. | | |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **2. Химната на државата (свечена песна – химна )** | **Ја препознава химната на државата.** | **1** | **Воведни активности**<br>Создавање на расположение за восприемање и доживување на содржината на музичката творба(преку слики, разговор за татковината )<br>Побудување на интерес кај учениците за СМ...внимание и активно слушање и доживување на композицијата<br>(изразито и сликовито објаснување)<br>**Главна активност**<br>Следи слушање на Химната на државата....<br>https://www.youtube.com/watch?v=yKuD6FzAVfE<br><br>по слушањето на композицијата разговараме<br>Кој учествува во исполнувањето, какво е, динамиката, за што се зборува.<br>Следи повторно слушање и после тоа повторно разговараме<br>Восприемање и доживување на содржината на музичкото дело (кое е поврзано со емоционалните и мисловните активности )<br>При трето слушање се воочуваат рефрените, темпото, бојата на гласовите, изведувачи...<br><br>**Завршна активност**<br>учениците слободно ги изразуваат своите впечатоци за слушаната композиција....прават споредба со други музички творби, определуваат тема, рефрен....следи илустрирање на доживувањето на содржината композицијата<br><br>**Рефлексија** | уреди за репродукција<br><br>компјутер со пристап до интернет, звучници, LCD-проектор, паметна табла); клавир/пијанино/ електрично | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br><br>практичната изведба во група.<br><br> |

Денес над Македонија

Денес над Македонија се раѓа,

ново сонце на слободата!

Македонците се борат,

за своите правдини!

Македонците се борат,

за своите правдини!

Одново сега знамето се вее,

на Крушевската република!

Гоце Делчев, Питу Гули,

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** Основи на музичката писменост- **шум, звук и тон** (имитирање на звуци од природата) –икт | Препознава шум, звук, глас од природата и околината | | **Воведни активности**<br>Игра- Имитирање на звуци од природата (шумолење на лисја, бранови, грмежи, паѓа снег, пеење на птица и сл )<br>Основи на музичката писменост- **шум, звук и тон** (имитирање на звуци од природата) –икт<br>**Главна активност**<br>Излегување во училишниот двор и воочување на звуците од непосредната околина(звук на автомобил, гласови на деца, лаење на куче и др.) **Се што слушаме е звук**<br>Звуковите ние ги регистрираме како пријатни и непријатни . Секој непожелен звук е бучава.<br>Тонот е звук кој има одредена висина, јачина, траење и боја и настанува со рамномерни правилни треперења.<br>Звуковите кои немаат одредена висина се викаат шумови.<br>Тоа се Звуци од природата, звуци кои ги предизвикуваме кога одиме, работиме, шушкаме со листови од хартија и сл.звуци од различни апарати...<br>**Завршна активност**<br>Во Tool Kid програмата за музика ги слушаат звуците на животните во селскиот двор и во џунглата<br>**Рефлексија** | уреди за репродукција<br>компјутер со пристап до интернет, звучници, LCD-проектор, паметна табла); клавир/пијанино/ електрично | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>практичната изведба во |






| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.**<br>**ОП Ајде ајде маченце** | Пее одреден број песни за деца и народни песни во опсег ре-ла со правилен пејачки став и правилно дишење. | | **Воведни активности**<br><br>Разговор со УУ за домашното милениче-маче и опис на мачето ( опашка, мало главче, мали уши, убаво крзно, четири нозе, )<br><br>**ИЦ**.Песната :„Ајде маче маченце„<br><br>**Главна активност**<br><br>Слушање ма песничката на ЦД и воочување на ритамот и мелодијата на песната.<br>Заедничко пеење со сите УУ<br>Пеење по групи<br>Самостојно пеење<br>Песничката ќе се пее повеќе пати се додека не ја усвојат поголемиот број ученици.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Илустрација на мачето од песничката<br><br>**Рефлексија** | уреди за репродукција<br><br>компјутер со пристап до интернет, звучници, LCD-проектор, паметна табла); клавир/пијанино/ електрично | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br><br>практичната |







resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **5. Совладување на ритмичките движења** | **Учествува во музички игри со пеење** | | **Воведни активности**<br><br>Разговор со УУ која музика им е омилена и на која музика најчесто сакаат да танцуваат<br>(детска, народна, инструментална, класична)<br>ИЦ: Совладување на ритмичките движења на поставената кореографија и усогласување на темпото со мелоритамот на музиката<br><br>**Главна активност**<br><br>Избираме неколку піеснички од некој детски фестивал и УУ ги совладуваат ритмичките движења според дадена кореографија.<br>Повторување на активноста неколку пати се додека повеќето УУ не ги совладаат движењата<br><br>**Завршна активност**<br><br>Слушање музика по избор и танцување<br><br>**Рефлексија** | уреди за репродукција<br><br>компјутер со пристап до интернет, звучници, LCD-проектор, паметна табла); клавир/пијанино/ електрично | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br><br>практичната изведба во група.<br> |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **6.**<br>**СМ**<br>**Дивиот јавач** | Идентификува карактер на слушаната музика (тажна, приспивна, среќна, весела, страшна). | | **Воведни активности**<br><br>Интерактивен разговор:<br>- Кои животно можат да се јаваат ?<br>- Имитација на звуците на коњот и магарето.<br><br>Дивиот јавач- слушање музика – ИКТ<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=IOLWuBCZj88<br><br>**Главна активност**<br><br>Слушање на композицијата „Дивиот јавач“ од Роберт Шуман неколку пати<br><br>-Разговор за слушаната композиција, откривање на кој инструмент се исполнува (клавир) и за доживувањето на УУ.<br><br>-Танцување имитирање на јавање,<br><br>**Завршна активност**<br><br>Илустрација на слушаната музика<br><br>**Рефлексија** | уреди за репродукција<br><br>компјутер со пристап до интернет, звучници, LCD-проектор, паметна табла); клавир/пијанино/ електрично | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br><br>практичната изведба во група. |







resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **7. Пееме и свириме (вежби со пригодни симболи) – свирење на ДМИ** | Ги препознава детските ритмички инструменти според бојата на звукот. • Го следи ритамот при изведување бројалки и песни, произведувајќи звук со своерачно изработени тропалки, предмети и детски ритмички инструменти | | **Воведни активности**<br><br>Запознавање со ДМИ и нивната примена во музичкото изразување.<br><br>**Главна активност**<br><br>Пееме и свириме (вежби со пригодни симболи) – свирење на ДМИ<br>Слушање една изучена песна на ЦД- плеерот.<br>УУ се групирани во групи и ја свират песничката со ДМИ.<br>Самостојна активност на УУ кои сакаат да свират по желба.<br>Активноста се повторува неколку пати со цела да се увежба пеењето и свирењето на ДМИ.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Пеат и свират песни по избор.<br><br>**Рефлексија** | детски ритмички инструменти (тапани во различни големини, тропалки, ритмички стапчиња, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, триангл, маракас, дајре); | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br><br>практичната изведба во група. |



| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **8. ОП Усвојување на песната Баба Меца** | Пее одреден број песни за деца и народни песни во опсег ре-ла со правилен пејачки став и правилно дишење. • Пее со другите во група со усогласено темпо, динамика и ритам. | | **Воведни активности**<br><br>Учениците се поставени во круг (заземање правилен пејачки став) поттикнувам дискусија како треба правилно да се стои при пеење.<br>Се потсетуваме на техниката на дишење - рамномерно дишење, без подигање на раменици, вдишување преку нос, а издишување преку уста. Им ја демонстрирам техниката, а учениците повторуваат, со цел да се подготви гласот за уметничко доживување, пеење на песната.<br>Правилно пејачко дишење, распејување, пеење на веќе обаработени песни,<br>Се води разговор за содржината на песната според сликите кои ги истакнувам<br>– се обработува првиот изразен елемент - текстот<br>Јасна дикција, правилен акцент, динамичко – рецитаторско нијансирање со примена на глума, мимики, гестови, култивиран тон.<br>Непознатите зборови се објаснуваат, се прераскажува содржината на строфата, потоа на целата, хорски се рецитира со ритмичко изговарање на текстот со разновидни плескања.<br>Ја најавувам целта на часот пеење на песната **Баба меца**<br><br>**Главна активност**<br>**доживувавање на песната** преку уметнички запис<br>**Усвојување на песната се одвива низ следните етапи**<br>***слушање, восприемање, доживување и изразување*** –<br>потврдување на музичката фраза или музиката реченица<br>(еден или два стиха)<br>По слушањето на фразата се повторува се додека не се запомни.<br>Откако ќе се обработи првата фраза се преминува на втората.....потоа двете фрази се склопуваат.<br>Повторувањето на музичките фрази учениците го пеат како ехо имитирајќи го изразното пеење на наставникот. | • разни извори на учење од природата и непосредната околина – листови хартија во боја, суви лисја од дрвјата, дрвени или метални прачки, стаклени, дрвени, метални предмети со разновидна звучност во училницата);<br>• печатени материјали (прирачници, магазини, весници); | усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br><br>индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br><br>практичната изведба во група. |



**Завршна активност**

Утврдувањето на песната се врши фронтално, по групи и индивидуално, дуа, триа итн....утврдувањето на изразните елементи на песната се врши откако учениците ќе научат да ја пеат ритмички и мелодиски песната
Учениците при утврдување на песната се придружуваат со раце и нозе, тивко за да може да се слуша мелодијата на песната.
...........Илустрирање, драматизирање на песната

**Рефлексија**

**Показател на постигањата:** пеење на песната и примена на правилен пејачки став.
**Проценка на ефектите:** Учениците ја совладаа техниката за правилно дишење при пеење, а исто така завземаат и правилен пејачки став.




resursi.literatura.mk